

Берт Стајн

3'53"

Интимна историја на музиката од 1984 до 2004 година

Издавачка куќа Готен
Пролет 25, Скопје
contact@gotenpublishing.com
www.gotenpublishing.com

За издавачот: Билјана Ставрова Алаѓозовска
Уредник: Роберт Алаѓозовски
Дизајн и колажи: КАПКА дизајн

Печати: Алма графика
Тираж: 100 примероци


На страницата:
http://gotenpublishing.com/bert.html
можете да најдете целосна листа и линкови
за песните кои се споменуваат во книгава,
како и да ги симнете колажите во висока резолуција.



Берт Стајн

3 минути и 53 секунди

Интимна историја на музиката од 1984 до 2004 година



Готен
2015



Сите личности кои што се појавуваат во ова дело се измислени.

Секоја сличност со вистинските луѓе е случајна.

Или не?...

Содржина

1980-ти

► 1984 *Thriller* - Michael Jackson 7
► 1985 *We Are the World* - USA for Africa 13
► 1986 *The Final Countdown* - Europe 19
► 1987 *Where the Streets Have No Name* - U2 25
► 1988 *Seventh Son...* - Iron Maiden 31
► 1989 *Epic* - Faith No More 41


1990-ти

► 1990 *Ice Ice Baby* - Vanilla Ice 47
► 1991 *Losing My Religion* - R.E.M. 56
► 1992 *Killing In the Name* - RATM 63
► 1993 *Insane In the Brain* - Cypress Hill 73
► 1994 *Smells Like Teen Spirit* - Nirvana 79
► 1995 *Hell Is Round The Corner* - Tricky 87
► 1996 *Ratamahatta* - Sepultura 93
► 1997 *The Box*- Orbital 98
► 1998 *The Dope Show* - Marilyn Manson 107
► 1999 *Walk This Land* - E-Z Rollers 114

2000-ти

► 2000 *The Time Is Now* - Moloko 123
► 2001 *Clint Eastwood* - Gorillaz 131
► 2002 *By the Way* - Red Hot Chili Peppers 139
► 2003 *Seven Nation Army* - The White Stripes 144
► 2004 *What You Waiting For?* - Gwen Stefani 153

Белешка за делото 159


ТИТОВ ПИОНИР
1984

THRILLER - MICHAEL JACKSON

◄◄ 1984 ►►

Темен ходник со скали направени од големи парчиња камен извиткан од годините во кои врз нив забрзано газеа илјадниците ситни чекори на деца со тешки мисли во умот и уште потешки ранци речиси поголеми од нив. Тогаш училиштето се викаше „Силвије Страхимир Кранчевиќ“ или популарно скратено како ССК.

Дворот на училиштето беше избразден од корењата на огромните дрвја кои му пркосеа на асфалтот и не го признаваа урбаниот затвор во кој луѓето сакаа да ги оковаат. Училиштето подоцна стана познато по големиот sид кој што го обиколуваше дворот и кој што хумористичната група „Надреалисти“ го искористија за снимањето

на нивниот легендарен скеч за борбата помеѓу две различни групи ѓубреџии од Западно и Источно Сараево кои си префрлуваа ѓубре едни на други. И навистина Сараево наскоро потоа стана поделен град, на еден поинаков, посериозен и потрагичен начин.

Тоа училиште чуваше многу тајни, како тајната за паѓањето на дедо ми по скалите додека брзал да стигне на мојата родителска, операциите потоа, тромбот, моето заминување за Скопје, неговиот телефонски повик од болницата, неговата смрт и немањето можност за простување... но сето тоа беше подоцна.

Во 1984-та беше популарен хитот *Thriller* на Мајкл Џексон. Бевме сами со баба ми дома. Таа пеглаше, а јас гледав телевизија, додека соседите се повикуваа на кафе со чукање по радијаторите. Спотот почна невино, а продолжи ужасно. Лицето на Мајкл Џексон, како наговестување на она што ќе стане со него во годините кои доаѓаа, се претвори во лице на чудовиште и јас се замрзнав. Се пикнав во скутот на баба ми. Таа беше силна жена која преживеала војни и глад, студ и реуми,

дијабетес и години во чекање додека нејзиниот сопруг бил во затвор на озлогласениот Голи Оток и со нејзината појава оддаваше стравопочит и чувство на сигурност.

„Што ти стана?“ ме праша загрижено, но не го дочека одговорот зашто мора да го видела она што беше на телевизорот. „Де, де, не плаши се. Тоа е само филм,“ рече и ме погали по главата.

Ги затворив очите и ја свртев главата настрана. Светлината од лустерот стана силно жолта. Јасно го видов сонцето над мене, големо и топло, го слушнав звукот на брановите од морето и тивкиот, нежен ветер кој ме галеше по косата...

Кога ги отворив очите таа веќе не беше тука. Замина и остави двајца мажи и едно дете со нерешени меѓусебни проблеми, растргнати од разводи, недоразбирања, судови и киднапирање деца. Живеев во страв, и тоа не поради *Thriller* или поради филмот *Стравот во улицата на брестовите*, којшто беше популарен тогаш. Секако дека се плашев од нив, но многу повеќе стравував од претставата за мајка ми наметната од луѓето со кои што живеев и кои неизмерно

ги сакав. Во таа претстава и во моите соништа таа беше лошата вештерка која ме бркаше, а јас безумно и очајно се обидував да избегам за на крај да паднам во бунар без дно - секоја ноќ. Се будев со врескање, а до мене беше дедо ми кој толку цврсто спиеше што ништо не го будеше.

И тогаш почнав да гледам привиденија, работи кои не постоеја, а сепак беа пред мене. Секое будење од сон ми носеше нова загадочна форма која речиси можев да ја допрам со рацете пред да исчезне. Знаев дека тие форми сакаат нешто да ми кажат, но никогаш не одгатнав што, зашто не ни размислував многу во врска со тоа. Да, децата сакаат да живеат, а не да размислуваат, особено кога надвор се случува нешто волшебно и неповторливо - Зимските Олимписки Игри во Сараево во 1984.

Една од ретките фотографии од моето детство кои сè уште ги имам и кои не биле изгубени во виорот на војната е сликата со Вучко, маскотата на Олимписките игри, кој бил многу повеќе од само тоа. Волкот од шумите на Југославија, гордо и храбро животно кое живее во глутница и своето постоење го засновува на

неа. Без глутницата тој е само волк самотник, осуден да ги живее деновите во исчекување на крајот, а такви што наскоро ќе станеме и ние.

„Дете, стани," ми рече фотографот. „Ајде, пушти го Вучко, треба и друг да се слика," а јас цврсто го држев и не сакав да го пуштам. Сакав да биде мој зашто тој ми даваше сигурност и сидро во животот, нешто позитивно и весело, нешто на што можев да му се радувам. И не само тоа, тој го развеселуваше забавиштето и поради него сите готови пиреа со мирис на прашок за перење, макаронite со сирење препечени до непрепознатливост или оризот кој пливаше во масло, стравот од физичка пресметка со посилните или болката од ударот на линијарот на воспитувачката врз мојата детска рака, ми се чинеа речиси поднесливи.

Баба ми почина, го видов татко ми прв пат во животот како плаче, вториот пат ќе биде за шест години, откако ќе се прости од мене, Зимските олимписки игри завршија, станав првооделенец, но ништо од тоа не беше битно, зашто во мислите ми беше само таа - првата симпатија.

SMELLS LIKE TEEN SPIRIT - NIRVANA*

◄◄ 1994 ►►

6 април 1994. Две години од почетокот на крвавата војна во Босна. Како и секоја пролет во следните 20 години го пречекувавме сонцето и будењето на природата не со радост, туку со страв. Дали сме ние следни, ќе го избегнеме ли куршумот и оваа година? И тогаш се случи.

Пушката пукна, но не беше насочена кон нашата глава, туку кон главата на пејачот на најпопуларниот рок бенд во 90-тите, Нирвана.

Мојата младост повторно, веќе по не знам кој пат, беше распарчена и соништата за подобар свет во кој се мисли на музиката и уметноста,

* Песната *Smells Like Teen Spirit* е од 1991 година, но во контекст на смртта на Курт Кобејн е наведена тука.

наместо на убивањето и предрасудите повторно спласнаа. Беше време на бурни настани кои ме сменија како личност и ме направија бунтовен и бесен, но воедно летаргичен и со постојано чувство дека не можев да сторам ништо, дека сум дел од поголеми сили и брзаци кои ме носеа како откорнати трупци по нивниот тек. А јас се предадов, кренав раце и оставив да ме носат каде што сакаат. По ѓаволите, ете каде!

Бевме тинејџери со долги заплеткани коси, скинати фармерки и шарени маици во време кога тоа не беше општо прифатено. Да му задоцниш на професор во гимназија на час облечен во маица која сам си ја цртал, автоматски значеше да бидеш осуден и ниту еден изговор не можеше да те спаси. Но, тоа што тогаш те осудуваа заради облеката или фризурата и мораше навистина да учиш за да ја стекнеш почитта на професорите, а денес можеш да си ја обоиш косата во зелено, да се истетовираш и воедно да бидеш турбофолкер, а згора на сè професорот не ти може апсолутно ништо е само врвот на сантата мраз на проблемите со кои се соочуваме. Тоа што скинатите фармерки денес се продаваат по бутиците наместо децата да

ги кинат со ножици и шмиргла, исто така не е главен проблем. Тоа е само дел од него.

Курт Кобејн умре. Всушност, се самоуби. Некои *клинци* организираа помен пред Соборниот храм во Скопје не поради својата наивност дека на некој кој што ја расипувал младината, промовирал дроги, секс и панк-рок и извршил самоубиство треба да му се оддаде почит пред Соборниот храм, туку поради тоа што алтернативната младина во тоа време навечер се собираше таму и консумираше големи количества течности кои христијанските монаси во вековите пред нив ги произведувале во манастирите.

Со најдобриот другар Вла седевме на едната од клупите. Млади, телесно и ментално недооформени, збунети и полни со фрустрации, сепак верувавме дека знаеме „сè на свет“ и дека имаме право на мислење за сè. Вла беше „металец во душа“ и за него алтернативците беа позери. Честопати знаеше да ме задева со песната *Лажен алтернативец* од една демо лента на тогаш младиот хип-хоп бенд САФ. Општо познато беше дека во 80-тите металците и раперите не се поднесуваа и самото тоа што за

аргумент против мене користеше раперска песна која ги исмева алтернативците, за него беше како да убива две муви со еден удар.

Песната *Кељав Дабар на* Чиста Околина и Last Expedition која што двајцата ја сакавме внесуваше дополнителна забуна во нашата расправија. Да, јас бев алтернативец и да, металците не ги поднесуваа раперите, но подеднакво ги мразеа и панкерите, а за шминкерите да не зборуваме. Нив сите ги мразеа. Но, не ретко некој металец ќе се сплеткаше со некоја шминкерка. И тогаш сите го исмеваа. Но, шминкерката набрзо стануваше металка, никако обратно. Многу млади поминуваат низ фази, но никој не бил металец „едно лето.“ *Metal for life* не е случаен израз.

Моето омилено место за после училиште не беше Аеро како на моите соученици, каде што се собираа за муабет и пијачка. Самотијата беше мојот пријател и судбинското „книгата е мојот најверен другар“ на една другарка од моето маало во 1986 година на кое што се насмеав на цел глас, сега ми се чинеше како дефиниција на мојот живот.

Преку мостот во Култура го пронајдов мојот мир. Веќе со години одев таму и поминував цело попладне после училиште, но кога го отворија Табернакул во МНТ, класичното премина во модерно, литературата која што ја пронаоѓав таму, ќе го парафразирам Вилијам Гибсон за неговото прво искуство со читањето на Вилијам Бароуз, „ми го разнесе мозокот по ѕидовите“. Таму ги открив и Гибсон и Бароуз, таму го пронајдов и најзначајниот извор за алтернативната култура и уметност во мојот живот - Маргина. Домашно списание со текстови за виртуелна интелигенција, кибер-панк, експериментална литература и многу други езотерични идеи кои ме тераа на фантазирање и посакување поинаква реалност од нашата заостаната турбофолк *жабокречина*.

Со треперливи раце ја подавав Маргина бр.2 на човекот зад касата, а во мене гореше возбуда. Трчав дома стискајќи ја силно и цврсто Маргината во кесата, и гледав наоколу како да носам порно касета. Следните половина час колку што пешачев до дома ми се чинеа најдолгите во мојот живот.

Конечно стигнав, го фрлив ранецот и се фатив за читање. Мојот живот во тој момент се смени засекогаш.

„Iron Maiden се лузери, братче. Велеа дека синтисајзерите нема што да бараат во металот, а после самите ги користеа," го задевав Вла, едноставно не можејќи да останам покус. Она што беа синтисајзерите во 80-тите, тоа стана електрониката во 90-тите и таа веќе беше длабоко навлезена во сите сфери на музиката, па и во металот. Мешањето на жанровите не беше случајно, но Вла беше правоверен, а јас атеист, двајцата музички фанатици на свој начин.

„I'm a loser baby, so why don't you kill me?" го рецитирав Beck, а тој превртуваше со очите. Така кругот на адолесцентното задевање и меѓусебното исмевање се затвораше. Сепак, само до следниот пат.

„Баш би запалил цигара," му кажав на Вла. Пушевме ретко - „само на забави" како што изјави Вла на еден систематски преглед во училиште на прашање на докторката за неговото црвено грло. Легендарно.

„И јас, ама дење е," ме погледна тој како да сакаше да каже дека не сака да ризикува да биде фатен. А немавме ни цигари. Разговорот беше без поента, како и нашиот мал собир.

Многу луѓе воопшто не ги ни слушаа Нирвана. Суровиот и нерафиниран звук на *Bleach* не им го сменил животот, ниту главите им биле „разнесени" од *Blew,* не ги задевале заради „Love Buzz", ниту Nevermind ги оставил со подотворена уста. Беа дојдени заради помодност. Имаше и такви кои беа таму само за да ги задеваат „лажните алтернативци." Се појави Кечер и ме поздрави со едно гласно: „Еден ропак помалку!"

Се насмеав и му кренав рака во знак на поздрав. Да, панкерите ги мразеа и алтернативците, но и едните и другите со нивното присуство признаваа дека во музиката се случуваше нешто монументално, нешто што сите нè продрмуваше и не тераше да се тргнеме од пред системите и да излеземе од дома.

Беше 9 април 1994, сабота, сончев ден без најава за грмотевици. Но, на Балканот никогаш не се знае.



БЕЛЕШКА ЗА ДЕЛОТО



Според пребарувачот Google, 3 минути и 53 секунди е просечното траење на една модерна песна, а толку време би му требало просечно на еден читател да прочита еден расказ од книгава.

Се работи за една историска анализа не само на музиката како рефлексија на општествените и политичките збиднувања во светот и кај нас, туку за една поширока општествено-културолошка анализа која оперира на три нивоа. Првото ниво е локалното, преку кое се истражува историјата на овие простори во конкретниот период и нејзината корелација со глобалните збиднувања, но и личните приказни на протагонистите во оваа книга. Второто ниво е глобалното, преку кое авторот се обидува да го анализира нашето место среде светските збиднувања и како тие се одразиле на нашата реалност. Третото ниво е индивидуалното, т.е. интимното гледиште на авторот за сите тие локални и глобални збиднувања, испреплетени со неговата лична историја.

